**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Академија за судии и јавни обвинители**

Врз основа на член 12 став 1 точка 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2010), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 5.4.2011 година, ја усвои следната

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2011 ГОДИНА

Скопје, март 2011 година

**СОДРЖИНА**

I. ПРЕДГОВОР .... 3
II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ .... 3
1. Просторни капацитети .... 5
2. Човечки ресурси .... 6
3. Почетна обука .... 8
4. Континуирана обука .... 8
5. Домашна соработка .... 10
6. Меѓународна соработка .... 10
7. Информатички технологии (IT) .... 12
8. Библиотека .... 14
9. Буџет и инвестиции .... 14

# I. ПРЕДГОВОР

Основањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нејзиното целосно започнување со работа, а особено активностите во насока на воспоставување, одржување и унапредување на квалитетен и објективен систем на продуцирање на профилот на идните судии и јавни обвинители преку почетната обука, но и активностите за обука на судиите и јавните обвинители и другите судско обвинителски кадри беше приоритет во реформите на судството во Република Македонија во насока на јакнење на неговата компетентност, професионалност и независност, што пак претставува значаен предуслов и критериум за отпочнување на преговорите на Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија.

Постигнатите резултати на Академијата позитивно беа оценети од страна на Европската Комисија во своите извештаи за напредокот на Република Македонија за 2007, 2008 и 2009 година каде профункционирањето и работата на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија е оценета како успешно реализиран приоритет на Република Македонија во насока на исполнување на политичките критериуми за приближување и членство на Република Македонија во Европската Унија.

Особено значајно е да се напоменат позитивните оценки што ги доби Академијата за судии и јавни обвинители во Извештајот за проценка на имплементацијата на Стратегијата за реформа во судскиот систем објавен на четврти мај 2010 година од страна на експертите Алесандро Симони и Волфганг Тиде од Soges S.p.A, проектот финансиран од Европската унија. Експертите констатираат дека системот на обука на судиите и јавните обвинители е една од најенергичните активности во рамките на Стратегијата за реформа во судскиот систем што несомнено има свои предности. Извештајот посочува дека избраната структура на Академијата како независна, автономна институција со предодреден буџет, сопствени простории, опрема и човечки ресурси, со Управен одбор составен од претставници на главните правосудни институции во државата, е во согласност со општите меѓународни стандарди, а особено со Препораката Р (94) 12 на Комитетот на министри на Советот на Европа до државите-членки за независноста, ефикасноста и улогата на судиите. Понатаму, во извештајот се констатира дека Академијата функционира мошне добро од аспект на институционален развој и активности, дека почетната обука е од висок стандард, со добро искористување на постојани, повремени и ad hoc обучувачи со повеќе практично искуство отколку чисто теоретско познавање, со значителен придонес од меѓународни експерти и екстензивна употреба на симулации на судења.

# II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

Со усвојувањето на новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители, воведени се значајни измени во однос на претходниот законски текст, особено во доменот на почетната обука, а исто така институцијата доби и поширок спектар на дејност предвидувајќи можност и за спроведување на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика. Ваквите измени, скоро во сите сегменти на работењето

повлекуваат измена на целокупната подзаконска регулатива на Академијата. За таа цел, воспоставени се односи на соработка со сите други школи од регионот и Европа, за размена на документи и искуства од нивната практична примена. Врз основа на тоа ќе се направи детална компаративна анализа на правното уредување и практично функционирање на школите од регионот и Европа кои имаат сличен модел и систем на управување и имплементација на обуките како и Академијата за судии и јавни обвинители.

Особено ќе се внимава на градење на капацитети за водење на разни статистики, анализи, воспоставување и равивање на систем на контрола на квалитетот на обуките, подготовка и развивање на методологија за оценка на потребите за обука на сите целни групи и во таа смисла ќе се работи на развој на индикатори и мерливи показатели за мерење на успешноста на обуките, развој на најсовремен сопствен систем на анализа на индикаторите за оценка на обуките, развој на стратешко планирање на обуките; развој на систем на буџетско планирање на обуките итн.

Со подзаконската регулатива ќе се уреди целокупното работење на Академијата, и тоа внатрешната организација на Академијата и систематизацијата на работните места, работата на органите и комисиите на Академијата, начинот на селекција на предавачите и менторите и начинот на нивното работење, спроведувањето на почетната обука, спроведувањето на континуираната обука, начинот на одвивање на соработката со домашни и странски партнери, компјутерското работење, финансиското работење, архивското работење и работата на библиотеката на Академијата.

Од особено значење ќе биде подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места кои ќе бидат дизајнирани на начин кој најдобро ќе одговара на потребите за најдобро спроведување на законската дејност на Академијата, но и најефикасна и економична организација на работата.

Подзаконските акти ќе имаат за цел да ја подобрат реализацијата на законските дејности, да се унапреди организацијата и практичното имплементирање на сите програми за обука, како и да овозможат подобрена координација меѓу сите субјекти кои учествуваат во креација и спроведување на обуките.

Неопходно ќе биде развивање и унапредување на наставниот кадар, за што особено ќе се работи на унапредување на капацитетите на предавачите и менторите, преку специјализирани програми за обука на обучувачи и ментори, нивен престој во школите со сличен модел од Европа, со покана на странски експерти и создавање на сопствена база на предавачи по специјалазирани области, развој на литература, наставни материјали и скрипти за одделни области од обуките и нивна широка дистрибуција до секој судија, јавен обвинител и администрацијата.

Во таа смисла ќе се настојува да се креира и континуирано развива база на предавачи за правото на ЕУ и одделните области, како и меѓународното право, особено за Европската Конвенција за човекови права.

Следствено на тоа, ќе се работи на јакнење и унапредување на капацитетите на Академијата, подигање на нивото на квалитет во извршување на дејностите и промовирање на Академијата како модерна тренинг институција која ќе обезбеди профил на судии и обвинители кои ќе ги почитуваат демократските принципи, владеењето на правото, човековите права и слободи, општествената правда и принципите на меѓународното право, а кои се заеднички европски вредности врз кои се темели интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија. Ќе се продолжи и зајакне партнерството со тренинг институциите на земјите од регионот и на државите – членки на Европската Унија, а особено во соработката за имплементација на тренинг модулите за борба против тероризмот и организираниот криминал кое е интегрална компонента на надворешната политика на Република Македонија.

Академијата ќе продолжи да дава свој придонес во понатамошниот развој и спроведување на стратегијата за реформи на правосудството заедно со сите други чинители, секој во својот домен, во правец на создавање на модерно, ефикасно и стручно судство и самостојно јавно обвинителство и ќе работи на реализација на приоритетите и клучните активности предвидени со НПАА.

## 1. Просторни капацитети

Академијата е сместена во приземниот простор (локали) на станбени згради со вкупна површина од 609 $м^2$ и располага со следниве содржини:

- 1 голема сала за 40-45 учесници
- 1 помошна сала за 20 учесници
- 1 мала сала за 10-12 учесници (за мала работилница, курс и сл.)
- 1 компјутерска сала за 12 учесници
- 1 просторија за библиотека (која не ги задоволува пропишаните услови за библиотечен простор)
- 1 сала за состаноци
- 9 канцеларии за вкупно 20 вработени (вклучувајќи ги и канцелариите на директорите).

Во правец на проширување на постојните просторни капацитети на Академијата, заради непречено одвивање на почетната обука како и на континуираната обука како и целокупната дејност беше изготвена физибилити - студија за нови просторни решенија за Академијата.

Со физибилити студијата беа утврдени следните просторни потреби на Академијата:

Пред се, зголемен е бројот на простории потребни за одржување на почетната обука што вклучува посебни училници за изучување на компјутери и јазици со вградена опрема за таа намена, потоа специјализирана сала односно судница за симулирани судења. Согласно физибилити студијата, овој дел од просторот се планира да биде уреден

согласно потребите на кандидатите, што значи дека ќе има голема библиотека со читална, бифе, гардеробер со шкафови за оставање на материјали. За потребите на континуираните обуки, предвидени се повеќенаменски сали за обука, како и голема конференциска сала во која ќе се одржуваат регионални конференции, свечености, но истата би се користела за полагање на приемниот и завршниот испит. Во овој дел, со физибилити студијата се предвидува и посебни простории за предавачите каде што би го изготвувале материјалот, би се користел интернет и слично. Во административниот дел предвидени се доволен број на канцеларии за директорите и вработените согласно систематизацијата на работните места и потребниот број на вработени, како и проекцијата за пополнување на работните места, потоа сала за состаноци, посебни специјално уредени простории за прием и архива, за хардверската опрема и друго кои по димензии и внатрешно уредување ќе ги запазат пропишаните стандарди.

Физибилити студијата согласно стандардите за внатрешно уредување предвидува околу 2.000 $м^2$ администаривен простор.

Академијата ќе настојува и ќе се залага во соработка со Владата на Република Македонија – Министерството за правда и другите ресорни министерства за изнаоѓување и обезбедување можности за решавање на просторното проширување на Академијата, а согласно расположливите буџетски средства за таа намена и евентуално користење на странски фондови.

## 2. Човечки ресурси

Во овој домен од исклучителна важност е пополнување на работните места предвидени со правилникот за систематизација на работните места што ќе овозможи вработување на стручни, модерни и лица способни за комуникација со целните групи кои се специфични, но и за односи со странство, а истовремено ќе се овозможи и правилно распоредување на работните обврски и искористеност на сите вработени во правец на остварување и унапредување на дејностите. Ова би подразбирало вработување не само на дипломирани правници, туку и економисти, социолози, информатичари, итн.

Имајќи го предвид фактот дека човечките ресурси се столбот на функционирањето и успехот на секоја институција, особено внимание ќе се посвети во овој сегмент со цел да се постигне одржливост и понатамошен развој на капацитетите на вработените бидејќи добро обучен и компетентен персонал има клучна улога во постигнување на високо ниво на квалитет во резултатите од работењето.

При изготвување на правилникот за внатрешна организација и правилникот за систематизација на работните места ќе се води сметка за организација на институцијата по сектори и одделенија кои одговараат на реалните потреби на Академијата, како и систематизација на работните места согласно развојните планови на Академијата.

Како приоритет, ќе се формира и развива одделение за домашна и меѓународна соработка и странска помош со оглед на широкиот опсег на меѓународни активности на Академијата, ќе се предвидат работни места чија главна задача би била подготовка на

анализи, статистики, подготовка на програмите и нивна реализација, стручна, логистичка и техничка поддршка на предавачите, менторите и учесниците на обуките.

Во таа смисла, ќе се развие и континуирано ќе надградува систем на управување со човечки ресурси кој во целост ќе ги задоволува потребите и на раководната структура но и на самите вработени, а со цел вработените и понатаму да го задржат но и да го зголемат интересот за работата во институцијата. За таа цел, директорот како раководен орган кој се грижи за секојдневното нормално функционирање на Академијата, а целосно почитувајќи ги законските и подзаконските акти кои го регулираат работниот однос на државните службеници во Република Македонија но и општите прописи за работни односи, како и стандардите за управување со човечки ресурси, ќе овозможи и ќе се залага за остварување на следните цели:

- Вработување на потребниот број на државни службеници кои ќе го имаат соодветно образование и способности за да одговорат на работните задачи кои ќе им бидат поставени согласно Правилникот за систематизација на работните места и динамиката на вработувања предвидена во НПАА Програмата а во зависност од расположливите буџетски средства
- Континуирано подобрување на условите за работа на сите вработени и гарантирање на безбедноста на вработените на нивното работно место
- Под еднакви услови на сите вработени да им овозможи континуирано надградување, развивање и усовршување на нивните професионални способности и вештини,
- Обезбедување на еднаков третман на сите вработени
- Воспоставување на објективен систем за оценување на исполнувањето на работните задачи, а согласно на тоа и објективен систем на наградување на службениците кои покажуваат особен интерес за работата и постигнале резултати од значење за институцијата, но и систем на казнување на службениците кои не покажуваат интерес за работата и не ги извршуваат своите редовни работни обврски
- Развивање на систем на внатрешна ротација и распоредување на вработените согласно нивните способности и аспирации за извршување на работните задачи.

Заради постигнување на горенаведените цели, ќе се спроведе процес на стратешко планирање на човечките ресурси кој ќе се состои од четири фази:

1. проценка на моменталните капацитети на човечките ресурси
2. подготовка на преглед за да се предвидат потребите од човечки ресурси
3. изготвување на анализа на недостатоците во моменталната состојба со управувањето со човечките ресурси
4. развивање на стратегија за распределба и развој на човечките ресурси.

Заради редовно следење на домашните и меѓународните измени на регулативата, праксата но и тековните случувања не само во доменот на правосудството туку и воопшто во доменот на развивање на системот на управување со човечки ресурси, ќе се обезбеди континуирана обука на Службата за стручно помошно – технички работи преку

програмите на Агенцијата за државни но, и преку развивање на сопствени програми за обуки усогласени со посебниот карактер на профилот на вработените во Академијата со оглед на нејзината специфика, нивно оспособување за активно познавање на странски јазици, компјутерски технологии, подготовка и имплементација на програми со оглед на карактерот на дејноста и интензивните меѓународни контакти, развивање на способности за подготовка и имплементација на странски проекти, обуки за унапредување на менаџерските способности особено по најновиот меѓународен ЦАФ систем.

### 3. Почетна обука

Самите новини предвидени со Законот за Академија за судии и јавни обвинители укажуваат на големиот обем на активности кои мора да се спроведат заради воспоставување и развивање на речиси нов систем на селекција и прием на кандидатите за почетна обука. Во таа смисла главниот фокус ќе биде на осмислување на формата, содржината и начинот на спроведување на приемниот испит со посебен акцент на психолошкиот тест и тестот за интегритет кои за прв пат се спроведуваат во Република Македонија, како и нивно унапредување пред се преку развивање на индикатори за мерење на успешноста и квалитетот на приемниот испит, но и претходна анализа на правното знаење на кандидатите кои го стекнале на правните факултети спроведена пред кандидатите да го полагаат приемниот испит.

Исто така, согласно новините ќе се работи и на воведување на нова методологија за креирање, унапредување и спроведување на програмата за почетна обука, а особено преку развивање на индикатори за мерење на квалитетот и квантитетот на програмата за обука, развивање на модерен систем на индикатори за евалуација на обуката и следењето на прогресот на кандидати во текот на обуката, изготвување и развивање на буџетска стратегија за планирање на трошоците неопходни за спроведување на почетната обука.

Со цел да се постигне континуитет во имплементација на системот на почетна обука, но и финансиска оправданост на обуката која се покрива од државниот, судски буџет, од особено значење ќе биде соработката на Академијата со Судскиот совет, Советот на јавните обвинители и Министерството за правда на Република Македонија во насока на изработка и одржување на подолгорочна стратегија со проекција за пополнување на испразнетите судски и обвинителски места во основните судови и основните јавни обвинителства во Република Македонија со завршените кандидати од Академијата.

### 4. Континуирана обука

Најобемниот сегмент од дејноста на Академијата претставува токму континуираната обука која опфаќа целни групи на три главни програми за обука, и тоа: општа програма за задолжителна континуирана обука, специјализирана програма за задолжителна континуирана обука и специјализирана програма за доброволна континуирана обука.

Особено внимание ќе се посвети на подобрување на системот и организацијата на континуирана обука, а согласно новите законски решенија, особено во поглед на подобрување на децентрализираниот пристап на спроведување на обуките, обука на сите целни групи кои ги спроведуваат законите од областа на правосудството, адвокати, нотари, медијатори, извршители итн.

Заради ефикасно спроведување на обуките согласно расположливите буџетски средства и потребите за обука на целните групи, ќе се пристапи кон изготвување на стратешки и буџетски план на обуки имајќи го предвид задолжителниот законски минимум на обука на целните групи, расположливиот буџет за таа намена, како и значењето на обуките за прогресот на правосудството.

За таа цел, ќе се подготви методологија преку која ќе се изврши детална проценка на потребите за обука на судиите и јавните обвинители и на останатите целни групи, ќе се работи на развивање на нови методологии за изработка на програмите за континуирана обука и следствено на тоа подготовка и развивање на нови рамковни програми како и ревидирање и усогласување на годишниот и кварталните каталози со ново воспоставените методологии. Ќе се воспостави и најсовремен систем на контрола на квалитетот на обуките преку развивање на индикатори за оценка на квалитетот и квантитетот на обуките, како и индикатори за унапредување на обуките.

Од особена важност ќе биде подготовката на материјали за обука, особено од областа на европското и меѓународното право, како и зголемување на бројот на обуки од овие области имајќи го предвид статусот на Република Македонија на земја кандидат за членство во Европската Унија што ја наметнува потребата и широко познавање на оваа материја. За таа цел, ќе се изготват општи и специјализирани, базични и напредни програми за обука за правото на ЕУ и меѓународното право врз основа на претходно спроведена анализа на нивото на познавање на правото на ЕУ и меѓународното право, но и степенот на хармонизација на домашното право со правото на ЕУ и меѓународното право, анализа на потребите за обука за правото на ЕУ и меѓународното право. Заради постигнување на висок квалитет на овие обуки, Академијата ќе настојува да обезбедува предавачи од овие области од највисок ранг (судии и јавни обвинители, судии на меѓународните судови на пр. на Европскиот суд за човекови права, Меѓународниот суд на правдата, Европскиот суд на правдата итн.). Исто така ќе се настојува преку континуирани обуки на обучувачи и ментори од областа на правото на ЕУ и меѓународното право да се создаде круг на домашни обучувачи и ментори од овие области.

За постигнување на погоре наведените цели неопходно ќе биде јакнење на сопствените капацитети на Академијата преку обука на Службата за стручно помошно – технички работи но, и на Програмскиот совет за развој на наставна методологија и креирање на наставни материјали.

Главен акцент ќе биде ставен на обуките за новиот ЗКП и измените на Кривичниот законик, како и на обуките за измените на ЗПП.

Ќе се работи и на унапредување и јакнење на децентрализираниот систем на спроведување на обуките што ќе опфати подобрување на координацијата и врските меѓу регионите и Академијата, опремување на просториите за обука по регионите со потребен кадар од Академијата, ИТ опрема, опрема за превод и друга техничка опрема, воспоставување на систем на учење од далечина, канцеларии, библиотека и сл.

Ќе се зголеми бројот на обуките за странски јазици и за работа со компјутер.

Ќе се продолжи и со континуирана обука на судските и јавнообвинителските службеници согласно веќе усвоените тригодишни Рамковни програми.

## 5. Домашна соработка

Академијата ќе ја продолжи и унапреди соработката со сите институции застапени во Управниот одбор на Академијата, особено со Министерството за правда, Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители. Од особена важност ќе биде унапредување на соработката со Управниот суд и со аплеационите судови и вишите јавни обвинителства во насока на успешна реализација на децентрализираната обука.

И понатаму ќе се развиваат и унапредуваат специјализираните програми за обука на повисоките и највисоките судови - тркалезни маси за апелационите судови и Врховниот суд, за вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство на Република Македонија и Основното јавно обвинителство за организиран криминал, за Управниот суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско буџетскиот совет.

## 6. Меѓународна соработка

Ќе продолжи трендот на унапредување на соработката со други школи во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, испраќање на судии и јавни обвинители на студиски посети, особено обезбедување на можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

Во претстојниот период ќе се продлабочува соработката со меѓународните проекти, а особено значајна ќе биде соработката со следните главни проекти:

**а) ИПА 2008 „Понатамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители“** – од кој се очекува подобрување на системот на подготовка на програмите за обука, подобрување на системот на децентрализирана обука, воспоставување на *e-learning* систем (електорнско учење), како и јакнење на капацитетите на Академијата во поглед на библиотеката и веб страната.

**б) ИПА Проект 2009 „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд“** – каде Академијата е вклучена во третата компонента на овој проект која се однесува на зајакнување на стручните способности на вработените во Управниот суд (со осврт на вештините и способностите

на судиите, стручните соработници, и административно техничкиот персонал) а која компонента ќе се реализира преку оценка на потребите за обуки, развој и спроведување на стратегија и програма за обуки.

**в) МАТРА Проект за јуриспруденција** - чија цел е јакнење на принципот на владеење на правото и користењето на јуриспруденцијата во македонскиот правен систем.

Заради остварување на целта на проектот кој е од огромно значење за правосудството во Република Македонија, Академијата ќе оствари блиска соработка и координација со проектниот тим но и институциите партнери во имплементацијата на проектот со цел успешно реализирање на поставените конкретни цели.

**г)** Една од стратешките проектни активности е и **спроведување на акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка** во соработка со сите партнери (министерство за правда, судии, обвинители, адвокати, МВР, финансиска полиција, царинска управа, итн.)

Со овој акциски план се предвидуваат обуки за јавните обвинители, судиите од кривичните оддели, (вклучувајќи ги сегашните истражни судии, судии кои работат прекршочни предмети и судии кои работат предмети за малолетници), советниците во јавните обвинителства, како и советниците во судовите кои работат во кривичните оддели, претставниците на правосудната полиција во Истражните центри (претставници од МВР, Финансова полиција и Царинска управа), завршени кандидати за судии и јавни обвинители од Академијата за судии и јавни обвинители, учесници во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители, полициски службеници – оперативни работници од Криминалистичка полиција, оперативни работници од Криминалистичка техника и раководни работници во Полиција (униформирана полиција), полициски службеници од Криминалистичка полиција - Оддел за организиран криминал, полициски службеници – високи раководни работници, претставници на Финасиска полиција, претставници на Царинска управа и адвокати.

На планот на организацијата на обуките во рамките на континуираната обука, Академијата ќе ја продолжи соработката со следните Проекти:

- **UNDP** – 8 обуки за кривичен и граѓански аспект на семејното насилство за судии и јавни обвинители
- **IRZ** – 1 специјализирана обука за судиите и советниците на Управен суд, 1 обука за новините на ЗПП, 1 обука за меѓународна соработка во кривична материја, 1 обука за судство и медиуми, 1 обука за Хашките конвенции и 1 регионална конференција за достигнувањата на полето на обуката во центрите од регионот
- **USAID** – 5 обуки за измените на ЗПП за сите судови од граѓанските оддели од сите инстанци
- **EIPA** – три обуки за корпоративн аодговорност и финансиски криминал, посебни ситражни мерки – праксата на земјите членки на ЕУ и подобрување на квалитетот на правосудниот систем ЦАФ системот. Се предвидува и учество на тројца судии/јавни обвинители на семинари во ЕИПА во Луксембург од отворениот каталог на обуки на овој институт

- **UNHCR** – специјализирана обука за азил и миграција за основните погранични судови и една тркалезна маса во втората половина на 2011 година на истата специјализирана за судиите и советниците на Управниот суд и вишиот управен суд
- **TAIEX** – 11 обуки и 5 студиски посети кои се веќе одобрени, а се очекува спроведување и на дополнителни обуки и студиски патувања за кои Академијата ќе аплицира согласно потребите за обука следејќи ги законските измени и тенденции на усогласување со правото на ЕУ
- **Светска банка** – 7 обуки за кривичниот и граѓанскиот аспект на стечајот кои ќе се спроведат во соработка и со Комората на стечајни управници и студиски посети за членовите на Судскиот совет на Република Македонија за стекнување на компаративни искуства од Судските совети на земјите кои ќе бидат опфатени со проектот
- **Совет на Европа** – 1 обука за член 5 од ЕКЧП и 2 регионални конференции за компјутерски криминал
- **OPDAT –** обуки за судии и јавни обвинители за новините на КЗ и ЗКП, обуки за обучувачи за новиот ЗКП на 25 идни обучувачи кои ќе станат сертифицирани обучувачи од Националниот Институт за вештини во водењето на судски постапки (НИТА) од Чикаго, Илиноис – САД
- **OSCE –** обуки за идните обучувачи за новиот ЗКП и изработка на тренинг материјали по модули, обука за антидискриминација, тркалезна маса посветена на прирачникот за спроведување на конфискација на приноси од кривични дела
- **Коалиција за правично судење –** обуки за злоупотреба на службена положба, поим на злосторничко здружување, трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трудова експлоатација
- **Британска Амбасада –** ТРЕБА АТАНАС ДА МИ ДАДЕ ПОДАТОЦИ

## 7. Информатички технологии (IT)

Во овој сегмент од работењето покрај редовното одржување и неопходно надградување на опремата, најголемиот фокус ќе биде ставен на воспоставување на *e-learning систем* (електронско учење или учење од далечина) и негово одржување, како и редизајнирање и одржување на веб страната на Академијата кои активности ќе се спроведат преку ИПА 2008 Проектот „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители“.

- **Воспоставување на e - learning систем и негово одржување**

Заради имплементација на оваа активност се пристапи кон изработка на физибилити студија за развој на *e-learning* систем (електронско учење) за обука на идните судии и јавни обвинители (слушатели на почетна обука), постојните судии и јавни обвинители и останатите целни групи на Академијата. Извршена е набавка на потребната опрема за воспоставување на нов и целосно функционален *e-learning* систем. Академијата ќе организира и средби, работилници и обуки преку кои целните групи ќе можат да се запознаат со новиот систем на учење и начинот на негова употреба, ќе се подготват

материјали за *e-learning* системот и истите ќе бидат доставени до сите целни групи како и ќе се подготви посебен прирачник и водич за учење од далечина.

Со воспоставување на системот за електронско учење во голема мера би се поедноставил процесот на учење, бидејќи пристапот до обуката и материјалите за обука би бил многу полесен и пофлексибилен. Исто така, значително би се намалиле трошоците за обуките, бидејќи системот за електронско учење ќе биде важен дел од стратегијата на Академијата и за децентрализираната обука. Брзиот пристап до различни видови на електронски обуки и материјали се очекува да резултира во успешно завршени виртуелни предавања, без притоа да предизвика дополнителен напор во секојдневната работа на судиите и јавните обвинители. Во исто време се претпоставува дека ќе се подигне нивото на свест кај корисниците за подробностите на ваков вид обука и што е уште поважно, ќе се зголемат нивните компјутерски вештини. Во состав на развојот и дистрибуцијата на овој систем влегува и набавка на соодветна ИТ-опрема.

- **Редизајнирање и одржување на веб страната**

Пред се потребно е редизајнирање и реорганизирање на постоечката веб страница на начин кој ќе овозможи нејзино лесно користење од страна на сите целни групи на Академијата, меѓународни партнери но и заинтересирани лица.

Во современи услови, веб страниците се најтранспарентниот но и речиси скоро единствен начин на јавно објавување на сите информации и документи на институциите.

Преку ИПА проектот се предвидува подобрување на изгледот и структурата на веб-страницата на Академијата како примарен медиум за претставување на Академијата и нејзината суштина. Покрај тоа што веб-страницата би претставувала влез во системот за електронско учење, се очекува низ нејзиниот интерфејс вработените да манипулираат со подготовка на обуките, додека судиите и обвинителите да добијат корисни информации во поглед на индивидуалните обуки, редовност во посета на одредени обуки и степенот до кој го оствариле нивниот законски годишен минимум. Со интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата би овозможила многубројни материјали во електронска форма, како и влез до некои онлајн-ресурси на други институции.

За таа цел, ќе се работи на создавање на најсовремена веб страна на Академијата, која ќе вклучува и поддршка на англиска верзија не само на почетната страна туку на целата содржина и на сите документи и информации објавени на веб страната, а што е особено потребно имајќи го предвид широкиот опсег на меѓународните активности во кои е вклучена Академијата. Истата ќе вклучува и линкови на веб страните на домашните и странски институции со кои Академијата соработува и чија дејност и пракса е од значење за правосудната област.

Веб страната ќе содржи и публикација со можност за целните групи да се претплатуваат на истата, ќе се креира форум за дискусија и посебен агол со прашања и одговори за подобар пристап на сите целни групи, соработници но и на сите граѓани до оваа институција.

За зачувување на современиот изглед и содржина на веб страната, неопходно ќе биде нејзино секојдневно одржување, навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечки домашни и меѓународни прописи.

**8. Библиотека**

Ќе се продолжи со активности во насока на модернизација на библиотеката, зголемување на библиотечниот фонд како со домашна така и со странска правна литература, набавка на законски текстови согласно тековните измени, а особено развивање на богата референтна литература за одделните модули со реферетните Директиви и Регулативи на ЕУ, пресуди на Судот на правдата во Луксембург, како и референтните документи на Совет на Европа, Обединетите Нации и праксата на Европскиот Суд за човекови права.

Исто така ќе настојува да се изработи и одржува сопствена база на податоци од домашната, европската и меѓународната судска пракса која ќе биде достапна за учесниците на обуките и вработените и лесна за пребарување, да се имплементира електронски систем за заведување на материјалите во библиотеката на Академијата кој е функционален и достапен за сите корисници.

Во таа насока, во рамките на Проектот ИПА предвидени се и неколку активности што се однесуваат на библиотеката, како што се: нов интерен софтвер за подобра организација и усовршување на библиотечното работење, софтвер што со редизајнирање на веб-страницата ќе им овозможи полесно пребарување, како и поедноставен и побрз пристап на корисниците до базите на информации што ги има библиотеката. Засега, постојат неколку предлози за усовршување на работата на библиотеката од страна на експертите од Проектот ИПА и сите се однесуваат на дизајнирање на новиот интерен систем за електронско библиотечно работење што би почнал да функционира по редизајнирањето на веб-страницата на Академијата.

Исто така, библиотеката ќе добие и пристап до повеќе релевантни датабази со што ќе обезбеди поголем пристап до многу значајни информации кои ќе бидат корисни за правосудниот систем на Република Македонија.

**9. Буџет и инвестиции**

Една од приоритетните инвестициони активности на Академијата е обезбедување на нов деловен простор кој ќе ги задоволува потребите за непречно и ефикасно реализирање на програмите за обука, како почетна така и континуирана обука.

Покрај тоа, во рамките на инвестициите потребно е набавка и на опрема за превод заради успешно реализирање на настаните кои се организираат во соработка со меѓународни проекти и институции.

И во наредниот период, Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности согласно законските прописи од оваа област и целосно почитувајќи ги насоките дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реално планирање на потребните средства како и ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства.

На Академијата за судии и јавни обвинители за 2011 година и е одобрен буџет од 26.321.000,00денари. Во однос на 2010 година одобрениот буџет е за 18% помал. Со овие одобрени средства во 2011 година Академијата има обврска да ги подмири обврските кои беа пренесени од 2010 година, а кои изнесуваат 5,049,447,00 денари, како и да ги реализира активностите кои ќе се преземат во тековната година.

Со оглед на тоа што 2011 година ќе ја започне со голем обем на обврски кои се пренесени од претходната година, Академијата во текот на 2011 година ќе се сочи со недостиг на средства.

Академија за судии и јавни обвинители

Претседател на Управен одбор,
Љубомир Јовески